АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 6б, Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат, 1000 Скопје, Република Северна Македонија/ rr.Makedonija Pa Nr Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE
Бр.-Nr. 14-768/1
01. 11 2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**ДО ДРУШТВАТА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ[1]**

**1.11.2022 година**

**Предмет: Препорака за примена на единствена Таблица за одредување на процент на траен инвалидитет како последица од несреќен случај - незгода**

Почитувани,

Во рамки на активностите на Агенцијата за супервизија на осигурување за детектирање и намалување односно отстранување на слабостите на осигурителниот систем/пазар кои влијаат врз правата на осигурениците и нивно навремено, правично и адекватно обештетување во случај на настанување на осигуран настан, Агенцијата за супервизија на осигурување во февруари 2022 година отпочна активности за анализа и ревизија на Таблиците за одредување на процентот на траен инвалидитет како последица од несреќен случај - незгода кои се составен дел на Условите за осигурување во класата на осигурување од последици на несреќен случај – незгода.

Во текот на анализата беше утврдено дека постојните Таблици за одредување на процентот на траен инвалидитет како последица од несреќен случај – незгода во рамки на секое од друштвата за осигурување претрпеле значајни промени во текот на изминатите години кои промени се однесуваат на намалување на утврдените проценти на инвалидитет а кои во најголем дел не биле резултат на промени во медицински базирани факти и информации за утврдување на процентот на траен инвалидитет туку биле водени од пазарно-конкурентски цели и мотиви.

Исто така при анализата беше утврдено дека процентите на инвалидитет утврдени во таблиците за ист тип на повреди значително се разликуваат меѓу друштвата за осигурување што остава простор за неадекватно информирање и доведување во заблуда на осигурениците при избор на осигурително покритие преку споредба на премијата и сумата на осигурување утврдена во понудата односно полисата за осигурување.

---

[1] Доставено до сите друштва за осигурување кои вршат работи на осигурување во групата на неживотно осигурување и во групата на осигурување на живот

АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E
MBIKËQYRJES
SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 6б,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

Во насока на отстранување на вака детектираната слабост во функционирањето на осигурителниот пазар, Агенцијата за супервизија на осигурување во периодот април-октомври 2022 година активно и во соработка со друштвата за осигурување работеше на изготвување на единствена Таблица за одредување на процент на траен инвалидитет како последица од несреќен случај – незгода која ќе ја применуваат сите друштва за осигурување како составен дел на нивните Услови за осигурување во оваа класа на осигурување.

Како резултат на спроведените активности изготвена е единствена Таблица за одредување на процент на траен инвалидитет како последица од несреќен случај – незгода за која е прифатена од друштвата за осигурување а која Ви ја доставуваме во прилог **со препорака истата преку изменување на Условите за осигурување во оваа класа на осигурување да влезе во примена при склучување на договори за осигурување почнувајќи од 1 јануари 2023 година.**

За изменетите Услови за осигурување, Ве задолжуваме да ја известите Агенцијата во рок од 5 дена од денот на донесување на Одлуката за измена на Условите заедно со изменетите Услови.

Со почит,

**Претседател на Советот на експерти,**
**Крсте Шајноски**